1. Армијата на Република Македонија,
2. Републичките сили за заштита и спасување,
3. Органите на државната власт,
4. Јавните установи и служби од областа на предучилишното, основното, средното и високото образование, науката и културата,
5. Јавните претпријатија и
6. Трговските друштва.

Член 3

Потребите од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото во воена состојба кои се составен дел на документите од планот за одбрана, се определуваат од страна на субјектите од член 1 на оваа уредба и истите, освен Армијата на Република Македонија ги доставуваат до Министерството за одбрана.

Член 4

Јавните претпријатија и трговските друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото, потребните финансиски средства за давање приоритет за задоволување на потребите на субјектите од член 1 на оваа уредба во воена состојба, ги определуваат за секој субјект посебно, во зависност од искажаните потреби на субјектите и истите ги доставуваат до Министерството за одбрана.

Член 5

Доколку јавните претпријатија и трговски друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото, од објективни причини не се во состојба да дадат приоритет на задоволување на потребите на субјектите од член 1 на оваа уредба, трајно или за определен временски период, за тоа благовремено го известуваат Министерството за одбрана.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3029/1
29 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**959.**

Врз основа на член 36, став 2 од Законот за Владата („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.06.2007 година донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВИТЕ НА КОМИСИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА

Член 1

Со оваа уредба се обезбедува примена на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура.

Стоките опишани во колона 1 од табелите се распоредуваат во тарифните ознаки од Комбинираната номенклатура, опишани во колона 2 од прилозите 1,2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37 и 38 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Задолжителните тарифни информации издадени од Царинската управа кои не се во согласност со оваа уредба се применуваат најдоцна во период од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-3033/1
12 јуни 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**Образложение**

Со донесувањето на оваа уредба ќе бидат усвоени регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, донесени во периодот од 2001 до 2006 година, со што се исполнува обврската на Република Македонија согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, за хармонизација на националното законодавство.

Уредбата се донесува врз основа на член 36 од Законот за Владата со цел да се скрати процедурата и се исполни рокот за спроведување на обврските. Со оглед на тоа што регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки се донесуваат континуирано повеќе пати во годината, обврска на Владата на Република Македонија, ќе биде истите редовно да ги усвојува.

За таа цел, планирано е во следната фаза да биде донесен Законот за измена на Законот за царинска тарифа, во кој со нов член од Законот ќе се пропише можноста за усвојување на предметните регулативи.

Исто така, дел од регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки кои се наведени во Националната програма како обврска за усвојување, се со тарифни броеви кои веќе не постојат или се транспонирани во други тарифни броеви со измените на ХС2007 и затоа во моментот не се усвојуваат.

Од Генералниот директорат за даноци и царинска унија при Советот на ЕУ добиена е информација дека се планира во наредниот период спорните регулативи да се изменат, па откако измените бидат објавени во “Службен весник на ЕУ“, Владата на Република Македонија ќе може да донесе одлука за нивно усвојување.

Покрај горенаведеното, со оваа уредба се усвојуваат и регулативи за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, кои не се наведени во Националната програма за усвојување, поради тоа што истите се донесени подоцна, во текот на 2006 година.

Со донесувањето на Уредбата, покрај тоа што Република Македонија ќе ја исполни обврската утврдена во Националната програма, се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во Прилогот од Уредбата.

Регулативата се усвојува:

(1) Со цел да обезбеди еднообразна примена на Комбинираната номенклатура, составен дел на Регулативата (ЕЕЗ) бр. 1658/87 на Советот од 23 јули 1987, неопходно е да се донесат мерки за распоредувањето на стоките наведени во Прилог на оваа уредба;

(2) Регулативата (ЕЕЗ) бр. 1658/87 ги поставува основните правила за интерпретирање на Комбинираната номенклатура. Овие правила се применуваат, исто така на било која друга номенклатура која целосно или делумно се базира на Комбинираната или на која се додадени било какви други расчленувања, во поглед на примената на тарифата и другите мерки кои се однесуваат на трговијата на стоки;

(3) Во согласност со овие основни правила, стоките опишани во колоната 1 од табелата во Прилогот треба да бидат распоредени во тарифната ознака назначена во колоната 2, а врз основа на правилата поставени во колона 3.

| | | |
|---|---|---|
| цевки, или профили. | | Недостатокот на особини за идентификација како аноди, како и да бидат снабдени со куки или припремени како куки или со други особини, го исклучува распоредувањето во 7907 (види Коментар на ХС за тар. број 7907, став 9) |

**ПРИЛОГ 5**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2064/2001** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Долго облекло (со должина на грбот околу 128 см), еднобојна, тенка, лесна, транспарентна ткаенина од синтетички влакна (100% полиестер).<br><br>Облеклото има јака со ревери и долги тесни ракави,, отворено од предната страна , со копчиња десно на лево до струкот. Ткаенината е извртена и сошиена така да формира прав пораб и манжети.<br><br>Ова облекло е составен□ од три □□□□ (две од предната страна и еедна од задната страна) сошиени заедно по должина , има два раба на грбот од рамената према струкот и други два на предната страна од градите према струкот.<br>(друго облекло)<br>(фотографија) | **6211 43 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 1 од Глава 54 и забел. 1 и 8 од Глава 62, и со наименуванијата за тарифен број 6211, тар. подброј 6211 43 и 6211 43 90.<br>Тенкиот, лесен, транспарентен материјал не нуди заштита од времето, со што е исклучено распоредувањето како капут од тар. број 6202.<br><br>Види Коментар на ХС за тар. број 6101.<br><br>Без оглед на должината, облеклото не може да се носи без друго облекло кое би го покривало долниот дел од телото затоа што нема копчиња под струкот. Истото не е фустан.<br>Види исто така Коментар на ХС за тар. подброеви 6104 41 00 до 6104 49 00.<br><br>Поради должината на облеклото која достигнува до под колена, распоредувањето |
|  | | како кошула/блуза во тар. број 6206 е исклучено.<br>Види исто така Коментар на ХС за тар. број 6106. |

**ПРИЛОГ 6**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.141/2002** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Мрежасто-стаклен сад на три стаклени ногарки, со висина од приближно 9 см, на горната површина со кружен отвор со дијаметар приближно 7.5 см. Во садот може да биде ставена свеќа.<br>Садот е претставен без свеќа.<br><br>Во прилог фотографија(А) | **7013 99 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванијата кон тарифен број 7013, 7013 99 00.<br><br>Садот не е направен за да ја придржи свеќата во фиксирана положба, поради што нема карактеристики на свеќник од тарифен број 9405. |
| 2. Три производа, спакувани во картонска кутија како сет наменет за малопродажба, кој се состои од:<br><br>- сад од безбојно стакло, со височина од приближно 15 см, со кружен отвор на горната површина со дијаметар од приближно 11 см,<br>- цилиндрична свеќа со височина приближно 4.5 см и дијаметар приближно 5 см,<br>- приближно 150 г фин песок ставен | **7013 99 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванијата кон тарифен број 7013, 7013 99 00.<br><br>Трите елемента го исполнуваат условот за распоредување на производот како сет. Стаклениот сад е елементот кој му дава битен карактер на сетот.<br><br>Садот не е направен за да ја држи свеќата во фиксирана, поради тоа нема карактеристики |
| во пластична кеса.<br>Свеќата треба да се стави во песокот на дното од садот<br>Во прилог фотографија (Б)<br> | | на свеќник од тарифен број 9405. |

**ПРИЛОГ 7**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.142/2002** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Мешавина од етил алкохол(88.5%), етил ацетат (5%) и вода.<br>Етил ацетатот кој е додаден во мешавината, се смета како денатурант. | **2207 20 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванијата кон тарифен број 2207 и 2207 20 00.<br><br>Додадениот етил ацетат го прави производот непогоден за човечка употреба, и е употреблив само за индустриски цели. Тој претставува денатуриран алкохол од тарифен број 2207. |
| 2. Мешавина од етил алкохол(90%), етил ацетат (5%) и алдехиди, виши алкохоли и вода.<br>Етил ацетатот кој е додаден во мешавината, се смета како денатурант | **2207 20 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, со наименуванијата кон тарифен број 2207 и 2207 20 00.<br><br>Додадениот етил ацетат го прави производот непогоден за човечка употреба, и е употреблив само за индустриски цели. Тој претставува денатуриран алкохол од тарифен број 2207. |
| 3. Мешавина од етил алкохол (78.2%), изопропанол (12.4%), н-пропанол (8.1%) и мали количини од други органски продукти.<br>Оваа мешавината е нус производ при производство на бензин. | **3814 00 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванијата кон тарифен број 3814, 3814 00, 3814 00 90.<br><br>Поради количините на изопропанол и н-пропанол присутни во мешаницата производот има карактеристики на органски растворувач од тарифен број 3814 и ги нема особините на етил алкохол од Глава 22. |

**ПРИЛОГ 8**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.763/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Цевка за наводнување, капка по капка, направена од тенки свитливи пластични ленти превиткани по должината. Двата краја се опфатени и споени заедно да формираат рамна перфорирана цевка. | 3917 32 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 кон Глава 39 и со наименованијата кон тарифен број 3917 и 3917 32 и 3917 32 99 .<br><br>Распоредувањето е извршено според материјалот од кој е направен производот. Производот е цевка направена од пластика. Врз основа на Забелешка 8 од Глава 39, ќе се распореди во тарифен број 3917. Неможе да се смета за систем за наводнување од тарифен број 8424 или како дел од него. |

**ПРИЛОГ 9**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.849/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Обувки со надворешна долна страна и горниште од пластика, со долна страна и пета кои заедно имаат висина помала од 3 см.<br>Единечно парче од материјалот е употребено да формира долен дел и дел од горништето(издигнати странични парчиња).<br>Другиот дел од горништето се состои од пластичен каиш кој оди преку стапалото и е поврзан со помош на четири хоризонтални клинови со гореспоменатите странични делови.<br>(Види фотографија 621) (*)<br> | 6402 99 39 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 6402 и 6402 99 и 6402 99 39 .<br><br>Горништето на обувката се смета за делот кој го покрива страничниот дел и горниот дел на стапалото. Погледни ги Коментарските објаснувања кон Глава 64, Општо, (Г).<br>Бидејќи клиновите не се прикачени на делот од обувките кој го формираат горништето, овие обувки не можат да се распоредат во тарифен број 6402 20 00. |

**ПРИЛОГ 10**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1017/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Тенок плетен бришач од 100% плоестер со приближни мерки од 21смх21см. Сите четири ќошиња се топлотно залепени.<br>( Крпа за чистење)<br> | 6307 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(в) кон Оддел ЏИ, Забелешка 1 кон Глава 63 и со наименованијата кон тарифен број 6307 и 6307 10 и 6307 10 10 .<br>Со оглед дека ќошињата се топлотно залепени, производот се смета за готов производ. Погледнете ги Коментарските забелешки кон Оддел ЏИ, Општо, (ИИ),<br>в готови конфекционирани производи, точка 3.<br><br>Погледнете ги Коментарските забелешки кон тарифен број 6307, точка 1. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Ткаена ѕвезда петокрака, која содржи метализирани и други конци, исполнета со синтетички материјал и со приближни мерки од 8смх8см. Има петелка за закачување направена од метализиран конец на еден од краевите.<br>(Друг готов производ за декорација)<br> | 6307 90 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (а) и (д) кон Оддел ЏИ, Забелешка 1 кон Глава 63 како и со наименованијата кон тарифен број 6307, 6307 90, 6307 90 99.<br><br>Ако го земеме во предвид генерално изгледот на производот, тој може да се употребува преку целата година, а не специјално или само како Новогодишен украс. Распоредувањето во тарифен број 9505 е поради тоа исклучено. |

**ПРИЛОГ 11**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1223/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 Пилешки делови без коска, замрзнати и зачинети со сол. Тие имаат содржина на сол тежински од 1.2% до 1.9%.<br>Производот е длабоко-замрзнат и треба да се чува на температура од пониска од -18 С за да се обезбеди време на чување од најмалку една година. | 0207 14 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 0207 и 0207 14 и 0207 14 10 .<br>Производот е пилешко месо замрзнато со долготрајно конзервирање. Додатокот на сол нема влијание врз карактеристиките на производот како замрзнато месо од тарифен број 0207. |

**ПРИЛОГ 12**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1380/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Течен производ кој се состои од лимонов сок, додадена лимонска киселина (7.6% на цела тежина) и конзерванси, наменети за малопродажба во пластични шишиња (на пр. 100 мл) со капалка. Капалката содржи лимоново есенцијално масло. Производот се употребува за да и даде на храната и пијалоците кисел вкус. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 2106 и 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Производот не може да се распореди во тарифен број 2009, бидејќи, поради додатокот на лимонска киселина, тој го има изгубено карактерот на овошен сок (види Коментарски објаснувања на Хармонизиран систем кон тарифен број 2009, тема(4)). Земајќи го во предвид составот, производот не може да се смета за мешан сос или мешан зачин од тарифен број 2103 (Коментарски објаснувања кон тарифен број 2103). |
| 2. Маслена намаз паста, со следен состав (тежински проценти): - | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата |

**ПРИЛОГ 16**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1021/2003 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ во форма на дискови (со димензии 4,5 см во дијаметар и 1 см дебелина), направени од експандиран ориз, еднострано покриени со тенок слој од темно браон глазура од шеќер, со дебелина не поголема од 0,5 мм и содржина помалку од 0,4% како. Производот исто така содржи шеќер, растителни масноти, обезмастено млеко и полу обезмастено млеко во прав, сурутка во прав, рогач во прав, соја лецитин, и материи за арома и боја. Подготвено за малопродажба.<br>(види фотографија)<br> | **1904 10 30** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 1 од Глава 18, забелешка 3 од Глава 19 и со наименуванијта за тарифен број 1904, тар. подброј 1904 10 и 1904 10 30.<br><br>Производот , со примена на Забелешка 3 од Глава 19, помалку од 6% по маса како пресметано на целосно обезмастена основа (види Коментар на Хармонизиран систем за Глава 19).<br><br>Производот не може да се смета, со примена на забелешка 3 од Глава 19, како препарат првлечен со чоколадо од тар. број 1806 (види Коментар на Хармонизиран систем за Глава 18, исклучување (г)).<br><br>Се додека производот е добиен со бабрење или пржење на житарици, тој не може да биде опфатен во друг тар. број од Номенклатурата, истиот се среќава во наименуванието за тар. број 1904 (види Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 1904, Дел (А)). |

**ПРИЛОГ 17**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1224/2003 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Безалкохолен пијалок составен од газирана вода, шеќер, глукоза, лимонска киселина, таурин (0,4%), глукоронолактон (0,24%), кофеин (0,03%), иноситол, витамини, ароми и бои. Познат како енергетски пијалок во конзерви од 250 мл. | **2202 10 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 2 од Глава 22, дополнителна забелешка 1 од Глава 22 и со наименуванијта за тарифен број 2202 и 2202 10 00.<br>Фактот што производот содржи меѓудругото, таурин, кофеин и витамини не го исклучува овој производ од тар. подброј 2202 10 00 (види Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 2202, дел (А), точка (2), и Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. подброј 2202 10 00). |
| 2. Филм од нецелуларна пластика со вкупна дебелина од 0,011 мм составен од филм на поли(етилен терефталат) (ПЕТ), метализиран од едната страна со алуминиум кој потоа е покриен со слој од алкилна меламинска смола (лак).<br>Пластика која доминира е поли(етилен терефталат).<br>Слојот од метал е нанесен со вакуум депозиција и метализираниот слој пропушта светлина.<br>Филмот може да се користи за производство на спасувачки кебиња. | **3920 62 19** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванијта за тарифен број 3920, 3920 62 и 392062 19.<br>Метализираниот пластичен филм не може да се смета како производ од тар. број 3921 од причина што металниот слој е нанесен со вакуум депозиција која не се смета како зајакнување на пластичниот филм (види исто така Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 3920). |

**ПРИЛОГ 18**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1887/2003 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Обезмастено млеко во прав со додадена лактоза, со следен состав (процентите се тежински):<br>- млечна маст 0,6<br>- протеин 33,5<br>- лактоза 57 | **0404 90 21** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 1од Глава 4 и со наименуванијта за тарифен број 0404, 0404 90 и 0404 90 21.<br>За целите на Глава 4, лактозата се смета како природен млечен конституент, повеќе отколку како шеќер или друг засладувач.<br>Иако производот е составен од природни млечни конституенти, тој не може да се распореди во тар. број 0402, од причина што со додавањето на лактозата, производот повеќе го нема истиот состав како прироното обезмастено млеко во прав. |

**ПРИЛОГ 19**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.231/2004 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Жолт, маслен, течен препарат со содржина по маса 70% или повеќе на масло од нафта и содржи адитиви. Производот е со следниве карактеристики:<br>*Дестилација(АСТМ Д 86):<br>на 250 ЁЦ: 0<br>на 266ЁЦ: почеток на дестилација<br>на 339ЁЦ: (крај на дестилација): повеќе од 85% по волумен<br>На 350ЁЦ: повеќе од 85% по волумен<br>*Точка на палење (Пенскs-Мартенс): повисока од 100ЁЦ<br>* Инфраред спектроскопија: алифатични јаглеводороди<br>*Содржина на сулфур (ЕН ИСО 8754): помалку од 0,05% по маса<br>Препаратот може да се користи како масло за подмачкување. | **2710 19 41** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, дополнителни забелешки 1(г) и 1(д) од Гл. 27 и со наименуванијата на тар. број 2710, 2710 19 и 2710 19 41..<br>Тешките масла согласно со дефиницијата во дополнителна забелешка 1(г) од Гл. 27 ги опфаќа маслата и препаратите, терминот гасни масла согласно со дефиницијата во дополнителна забелешка 1(д) од Гл. 27 исто така ги опфаќа маслата и препаратите.<br>Производот не може да се распореди како масло за подмачкување од причина што истиот ги исполнува условите од дополнителните забелешки 1(г) и 1(д) од Гл. 27. Оттука истиот ќе се распореди како гасно масло од тар. подброј 2710 19 41 ( Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. подброеви 271019 71 до 2710 19 99). |

**ПРИЛОГ 20**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.728/2004 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет од два дела облека наменет за малопродажба , се состои од :<br>А) Лесна облека сошиена од сјаен материјал со природна боја(100% полиестер), со крагна изработена во мандарин стил која тесно се припојува до грлото, со делумен отвор однапред која оди од центарот на вратот до левата подпазува и се закопчува од десната на левата страна со копчиња и отвори за копчиња.Копчињата се со гајки, кои се поставени на четири места од пазувата до крагната, однапред и на основата. Краевите на основата на облеката и на ракавот се обрабени со подвив и имаат странични отвори.<br>Облеката е право исечена и е наменета да го покрива горниот дел на телото до колковите. Има извезен мотив на предната страна.<br>(блуза)<br><br>Б) Широка и лесна облека изработена од сјаен штампан материјал (100% полиестер), наменета да го покрива долниот дел од телото, почнувајќи од половината па се до глуждовите, со две ногавици, право исечени. Има еластичен дел околу половината без отвори и е обрабен со подвив на крајот на ногавицата.<br>Завршетоците на ногавиците се овалио исечени и имаат странични отвори.<br>(панталони) | **6206 40 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 3(б) и 8 кон глава 62, како и со наименованијата кон тарифен број 6204, 6204 63,6204 63 18, 6206, 6206 40.<br>Распоредувањето во еден тарифен број како целина е исклучено според забелешка 3(б) кон глава 62, бидејќи двата дела не се изработени од ист материјал.<br>Распоредувањето како пижами е исклучено, од причина што облеката по свои карактеристики не се идентификува како облека која исклучиво се носи за ноќевање.<br>Понатаму во прилог се и коментарските објаснувања кон тарифен број 6206 во врска со распоредувањето на блузи. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |

**ПРИЛОГ 21**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.926/2004 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ изработен од еластичен материјал , исплетен во форма на цевка во комбинација со гумена трака(ластика) формирајќи алка кружна форма.<br><br>(Стегач)<br> | **6117 80 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 7(ѓ) и 10 кон Оддел ЏВ, како и со наименованијата кон тарифен број 6117, 6117 80,6117 80 10.<br>Земајќи го во предвид текстилниот состав на предметниот производ, истиот треба да се разгледа како шаловите, марамите, кравати и кравати- пеперутки, изработен додаток за носење.<br>Распоредувањето во тарифен број 9615 е исклучено, бидејќи производите од овој тарифен број вообичаено се изработени од пластика, слонова коска, коска, рогови, оклоп на желка, метал и друго.<br>Освен ова, Забелешка 10 кон оддел ЏИ експлицитно вклучува еластични производикои се состојат од текстилни материјали во комбинацијасо гумена врвка (ластика) во одделот ЏИ. |
| 2. Готов производ сошиен во кружна форма, кој се состои од еластична лента во потполност покриена со ткаен текстилен материјал. материјал , исплетен во форма на цевка во комбинација со гумена трака(ластика) формирајќи алка кружна форма<br>(Стегач)<br> | **6117 80 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 7(ѓ) и 10 кон Оддел ЏВ, како и со наименованијата кон тарифен број 6117, 6117 80,6117 80 10.<br>Земајќи го во предвид текстилниот состав на предметниот производ, истиот треба да се разгледа како шаловите, марамите, кравати и кравати- пеперутки, изработен додаток за носење.<br>Распоредувањето во тарифен број 9615 е исклучено, бидејќи производите од овој тарифен број вообичаено се изработени од пластика, слонова коска, коска, рогови, оклоп на желка, метал и друго. |

**ПРИЛОГ 22**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1989/2004 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ е зготвено месо со следниов состав(тежински проценти):<br>Џигер: 15<br>Сецкано свинско: 5<br>Врат: 2<br>Бубрег: 6<br>Бели дробови: 13<br>Слезинка: 7<br>Кожа: 20<br>Сало со кожа: 20<br>Други состојки: 2<br>Вода: 10<br><br>Производот е приготвен во конзерви. | **1602 20 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 16 и со наименованијата кон тарифен број 1602,1602 20, и 1602 20 90.<br><br>Џигерот е присутен со најголем количински дел, што на производот му дава карактер на производ од џигер (погледни ги коментарските објаснувања контарифен подброј 1602 20, и 1602 20 90). |
| 2. Издвоени протеини од сурутка, во форма на прашок, кои содржат повеќе од 90% протеини по тежина пресметано на сува материја. Производот е добиен со микрофилтрација на сурутката.<br><br>Протеинскиот профил е следен:<br>- бета-лактоглобулин: 50-60%<br>- алфа-лактоглобулин: 10-25 %<br>- имуноглобулини: 5-7%<br>- гликопептиди: ца.20%<br>Содржината на лактоза и масти е помала од 1 %.<br>Лецитинот може да биде присутен во мали количини кога се употребува како средство за влажнење за време на производството.<br>Производот е наменет за човечка употреба. | **3502 20 91** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4(б) кон Глава 4 и со наименованијата кон тарифен број 3502, 3502 20, 3502 20 91 .<br><br>Производите се сметаат за концентрати на два или повеќе протеини од сурутка во смисол како во текстот кон тарифен број 3502,и не може да се смета како изолиран од лактоглобулините од тарифен број 3504. |
| 3. Производ е шеќерен раствор со мали количини на други состојки со следниот состав:<br>(тежински проценти)<br><br>*Производ 1*<br><br>Шеќер: 31.5<br>Гликозен сируп: 28.5<br>Лимонска киселина: 5<br>Јаболчна киселина: 2.5<br>Ксантан гума: 0.2<br>Натриум бензоат 0.05<br>Калиум ацесулфам 0.03<br>Аспартам 0.009<br>Арома 0.5<br>Боја: 0.002<br>Вода: остатоци<br><br>Производот е наменет за малопродажба, спакуван во мали пластични шишиња со капалка.<br>(х=6цм , Џ=2цм)<br>(Фотографија бр.1)<br><br>*Производ 2*<br><br>Шеќер: 34<br>Лимонска киселина: 5<br>Јаболчна киселина: 3<br>Фумарна киселина 0.05<br>Натриум карбоксиметил целулоза 0.07<br>Калиум сорбат 0.016<br>Натриум бензоат 0.01<br>Калиум ацесулфам 0.03<br>Аспартам 0.01<br>Арома 0.5<br>Боја: 0.002<br>Вода: остатоци<br>Производот е наменет за малопродажба, спакуван како спреј во мали пластични шишиња.<br>(х=10цм , Џ=1.5цм)<br>(Фотографиај 2)<br><br>И двата производа се наменети за употреба веднаш, без потреба за додатно растворање со вода. | **2106 90 59** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 2106, 2106 90, 2106 90 59.<br><br>Производот е во течна форма, поради што немаат влијание критериумите за производите од шеќер од тарифен број 1704, како и (коментарско објаснување за распоредување на производи од шеќер во тврда или полутврда форма).<br><br>Ниту пак може истите да се сметаат како безалкохолни пијалоци од тарифен број 2202 10 00. бидеј Ќи не се консумираат директно како пијалоци, поради содржината на киселина(Дополнителна забелешка 1 кон Глава 22). |

**ПРИЛОГ 23**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.223/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Црвено обоена сирупеста течност, со вкус на црвена рибизла, со бриксова вредност од 67 и со следниот состав на 1000 литри:<br><br>Вода 426,7 л<br>Сахароза 794,0 кг<br>Лимонска киселина 80,0 кг<br>Ароматизирана мешавина од тип на црвено овошје 120,0 кг<br>Натриум цикалмат 4,6 кг<br>Ацесулфам К 3,5 кг<br>Натриум бензоат 1,0 кг<br>Аскорбинска киселина 2,0 кг<br>Три-натриум цитрат 7,0 кг<br>Материи за боење<br><br>Препаратот има содржина на алкохол по волумен 1,3% вол.<br>После растворањето со вода препаратот е готов за пиење. | **2106 90 20** | Распоредувањето е утврдено со Основни правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата на тар. броj 2106 и тар. подброеви 2106 90 и 2106 90 20.<br><br>Поради алкохолната содржина на производот повеќе од 0,5% вол. препаратот треба да се смета како сложена алкохолна мешавина (препарат), различни од оние на база на миризливи супстанции, од тип кои се користат за производство на пијалоци од тар. број 3302 (Види Дополнителна забелешка 3 на Гл. 21 и Коментарот на Хармонизиран систем за тар. број 2106, параграф (7) и (12). |

**ПРИЛОГ 24**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.266/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 2. Обувки кои ги покриваат прстите од нозете и топчестиот (долен) дел од стапалото, оставајќи ја петата и повеќе од половина од стапалото непокриено, со кожно горниште испреплетено со текстилна ткаенина од внатрешната страна и со ѓон од кожа, со внатрешен ѓон со должина помала од 24 см. На стапалто се прицврстуваат со помош на две еластични ленти кои одат околу петата.<br><br>(обувки за ритмичка гимнастика)<br><br><br><br><br> | **6403 59 91** | Распоредувањето е утврдено со Основни правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 3(б) на Гл. 64 и со наименованијата на тар. број 6403 и тар. подброеви 6403 59 и 6403 59 91.<br><br>Со примената на Основното правило 1 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, терминот ѓон е употребен, меѓу другото, во тар. број 6403 со значење на оној дел од обувката, кој кога се носи обувката, е во контакт со почвата. Види исто така Коментар на Хармонизиран систем на Гл. 64, Општи одредби (В).<br><br>Од причина што единствено точестиот долен дел од стапалото доаѓа во допир со земјата во ритмичката гимнастика, овој дел од обувката единствено доаѓа во допир со почвата, и оттука овој дел се смета за ѓон согласно даденото во Гл. 64.. освен тоа, објективните карактеристики (како моделот и материјалот) на производот подразбира дека овој производ не може да најде друга примена освен како обувки за ритмичка гимнастика. |

**ПРИЛОГ 25**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.635/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производот е составен од сушени, претходно варени нодли од пченичо брашно (приближно 80 г) и зачини (приближно 11 г).<br>Производот е подготвен за малопродажба во 250 мл. чаша (сад) од експандиран полистрен , во која се содржани нодлите и мало пакетче од зачини.<br>Согласно инструкциите испечатени на пакувањето, зачините и вода што вари (макс. 200 мл.) се додава во чашата (садот) со нодли. После три минути, тестенините се готови за јадење.<br><br> | **1902 30 10** | Распоредувањето е утврдено со Основни правила 1, 3 (б) и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата на тар. број 1902 и тар. подброеви 1902 30 и 1902 30 10.<br>Производот е спакуван како сет од компоненти и подготвен за малопродажба. Главен карактер на производот му даваат нодлите имајќи ја предвид нивната голема пропорција (соодност).<br>Производот не може да се распореди во тар. број 2104 од причина што додадената количина вода во чашата не е доволна за подготовка за супа или чорба , односно производот со таа количина вода.добива карактер на порција нодли. |
| 2. Диуретичен чај за бубрези, подготвен во кесички за малопродажба.<br>На етикетата се содржани следниве информации:<br>1) Состав на секоја кесичка (1.8г).<br>Медицински активни состојки:<br>-хорсетаил 0,47г<br>-лист од бреза 0,45г<br>- голден род 0,38г<br>- спинѕ рестхарроњ роот 0,20г<br>Други состојки:<br>Лушпи од шипинки, листови од цорифлоњер, пеперминт листови, мариголд блоссом, сладок корен (лиљуорице).<br><br>2) Дозирање и начин на примена:<br>Една шоља вода која вари (приближно 150 мл) се додава на врекичка од чајот, се покрива и се остава да отстои 15 минути и потоа се отстранува врекичката со чај. Освен ако поинаку не е препорачано, една шоља свежо подготвен чај се зема 3 до 4 пати на ден помеѓу оброци.<br>3) Примена:<br>За зголемување на волумен на урина во случај на бубрежни или катар на бешика и за превенција на мокрачните патишта од песок или камен. | **2106 90 92** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 од Гл. 30, и со наименованијата за тар. број 2106, и за тар. подброеви 2106 90 и 2106 90 92.<br>Види Коментар на Хармонизираниот систем за тар. број 2106, параграф 14 и Коментар на Комбинирана Номенклатура за Гл. 30.<br>Ниту упатството за употреба ниту пакувањето не содржи детали за типот и концентрацијата на активнатасупстанција(супстанции).<br>И на упатството и на пакувањето е декларирано само количината и типот на растение или делови на растенија кои се искористени. Условите од Дополнителна заб. 1 (б) на Гл. 30 не се исполнети. |

**ПРИЛОГ 26**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1139/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 3. Неткаена плоча со димензии приближно 0,60 м џ 0,96 м, прекриена од едната страна со мешавина од ароматски растенија (рузмарин 30%, оригано 15%, жалфија 15%, босилок 20%, мајчина душица 20%).<br><br>Неткаената плоча се сместува во садот пред варењето (готвење) на одредени јадења(глава, бут итн). Ароматските растенија се импрегнираат (го исполнуваат) препаратот (јадењето) за време на готвењето.<br><br>Неткаената плоча не се сервира со зготвеното јадење. | **2106 90 92** | Распоредувањето е утврдено со Основни правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забел. 1 на Гл. 9, Забел. 1(а) на Гл. 56 и со наименованијата на тар. број 2106 и тар. подброеви 2106 90, 2106 90 92.<br><br>Производот не може да се распореди како неткаен материјал од Гл. 56 затоа што неткаената плоча е исклучиво присутна само како носечки медиум (Заб. 1(а) на Гл. 56).<br>Мешаницата на ароматски растенија се состои од делови на растенија од тар. број 0910 (мајчина душица, 20%) и тар. број 1211 (другите растенија, 80%).<br>Вакви мешаници не се опфатени во тар. број 0910 и тар. број 1211 (Заб. 1 на Гл. 9 и Коментар на ХС за тар. број 1211, параграф 7).<br>Кко проста мешаница на ароматски растенија без друг додаток, не се третира како мешана мирудија или мешани мирудиски средства од тар. број 2103.<br>Производот се класифицира во тар. број 2106 како што е наведено во Коментарот на ХС за тар. број 1211, параграф 7. |

**ПРИЛОГ 27**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1196/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 4. Ракавици главно изработени од текстилна ткаенина. Поголемиот дел на надворешната површина на ракавиците, која одговара на задниот дел на ракавицата (освен задниот дел од прстите), зглобот, делот меѓу прстите, делот кај палецот и страничните делови, е изработена од текстилна ткаенина, превлечена од внатрешната страна со слој од нецелуларна пластика.<br><br>Дланката, предниот дел од палецот и странично прстите према лицето на дланката како и врвовите на четирите прсти се од плетенина,превлечена надворешно со нецелуларна пластика.<br><br>Задниот дел на прстите и делот освен палецот е изработен од целуларна пластика комбинирана со плетенина од двете страни. Има парчиња од гума на задниот дел од прстите и палецот во делот на шаката и тенка трака од гума вдолж на показалецот.<br><br>Во делот на зглобот има еластифицирана трака на затегнување и на крајот на ракавицата врвка исто на затегнување. | **6216 00 00** | Распоредувањето е утврдено со Основни правила 1, 3(б) и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата на тар. број 6216 и тар. подброј 6216 00 00.<br><br>Види исто така Коментарот на Хармонизираниот систем за Основното правило 3(б) и тар. број 6216.<br><br>Ракавиците се главно наменети за затоплување на рацете. Ткаенината е доминантниот материјал кој обезбедува задржување на топлината и истата му го дава битниот карактер на производот согласно значењето на ОП 3(б). |
| <br><br><br> | | |

**ПРИЛОГ 28**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1966/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производот е приготвен во формана таблети во пакување за малопродажба со инструкции за составот и дозата, за надминување на недостатокот на витамин С.<br>Една таблета која тежи 750 мг содржи:<br>- аскорбинска киселина: 500 мг<br>- прашок од шипинки , целулоза, растителен стеарин, билни цврсти масти, магнезиум стеарат, силициум диоксид и прехрамбена глазура која содржи белковини: 250мг. | **3004 50 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна Забелешка 1 кон Глава 30 и со наименованијата кон тарифен број 3004,3004 50 и 3004 50 10.<br>Погледнете ги исто така и коментарските забелешки кон Царинската тарифа за Глава 30 (Општо).<br>Ако се земат во предвид дневните препорачани дози на витамин Ц(60мг), секоја таблета јасно содржина многу поголема количина на витамин Ц(500 мг).<br>Сите услови од Дополнителна Забелешка1 кон Глава 30 , се исполнети со што производот ќе се распоредува како лек во тарифен број 3004. |

**ПРИЛОГ 29**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1967/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производот претставува бистра, лесно пенлива течност со жолта до окер боја. Тој има алкохолна јачина од 5.9% волуменски.<br>Добиен е со ферментација на пивска шира со јачина од 15.3 степени. Ферментираниот раствор се подложува на бистрење и филтрација. Потоа кон овој раствор се додава 3.34 % шеќерен сируп, 0.14% ароматични компоненти (од кои 75% се Текила), 0.11% лимонска киселина и 0.002% аскорбинска киселина. Производот има мирис и вкус на пиво.<br>Производот е наменет за директна употреба. Тој претставува пиво пакувано во шишиња со содржина од 330 мл/0.33 л, соодветно етикетирани. | **2203 00 01** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 2203 00 и 2203 00 01.<br>Производот претставува пијалок и се смета како пиво добиено од слад од тарифен број 2203. Производот не може да се исклучи од тарифен број 2203 поради присатниот алкохол од додадените ароматски компоненти кои резултираат со вкупно 0.04% волуменски алкохол. Поради тоа производот не може да се расопореди во тарифен број 2208.<br>Коментарските објаснувања кон тарифен број 2203 укажуваат дека шеќер, бои, јаглероден диоксид и други материи може да бидат додадени. Следователно и пивото од тарифен број 2203 може да биде ароматизирано. |
| 2. Медицинска градуирана пластична безшевна цевка изработена од поливинил хлорид (ПВЦ)со дебелина на ѕид приближно 0.6 мм и надворешен дијаметар од 5.7 мм. Има притисок на кинење минимум 27.6 МПа и се увезува во котури со приближно 1200 метри должина.<br>Производот се употребува за транспорт, спроведување и дистрибуција на гасови или течности.<br>Иако, цевката исечена во соодветна должина, се употребува како дел од медицинска опрема, како на пример при анестезија, системи за интензивна нега, катетри и артеријални системи, сепак нема специфична употреба како дел од медицинската опрема. | **3917 31 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 кон Глава 39 како и со наименованијата кон тарифен број 3917,3917 31 и 3917 31 90.<br>Поради фактот дека производот освен што се употребува со медицинските апарати, Глава 90, може да има и друга употребна вредност, не може да се смета за инструмент или прибор од тарифен број 9018.<br>Распоредувањето се базира на формата и материјалот од кој е направен производот. Со примена на Забелешка 8 од Глава 39, овој производ се распоредува во тарифен број 3917. |
| 3. Пластична цевка од Поли (винилидиене флуориде) (ПВДФ) која се собира под дејство на топлина, безшавна, незајакната, со притисок на кинење, помал од 27.6 МПа, со приближна димензија од 25мм должина и 9 мм дијаметар.<br>Кога ќе се подложи на дејство на топлина таа се собира и потполно се прилепува околу предметот кој се вметнува во неа.<br>Производот воглавном се употребува за заштита на електрични жици. | **3917 32 39** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 кон Глава 39 како и со наименованијата кон тарифен број 3917,3917 31 и 3917 31 90 .<br>Распоредувањето е базирано на материјалот од кој е изработен производот.<br>Овие цевки не може да се третираат како изолатори од тарифен број 8546.Во согкласност со Коментарските забелешки кон тарифен број 8546, изолаторите се елементи кои се користат за фиксирање, поддржување или водење на проводниците на електрична струја и во исто време ги изолира еден од друг и од земјата.Овие цевки не може да се сметаат за изолациски цевки од 8547.<br>Во согласност со Коментарските забелешки кон Глава 8547 (Б), цевки изработени во целост од изолационен материјал (на пр. гума, пластика, плетени текстилни влакна, стаклена волна) без метална надворешност се исклучени и се распоредуваат согласно материјалот од кој се направени. |
| 4. Зелено обоена гмечена пулпа од авокадо (гуацамоле) со следниов состав(% тежински):<br>*авокадо 90.5<br>* други состојки (на пр. сол, зачин, лимонска киселина, антиоксидант, стабилизатор, конзерванс) помалку од 1<br>*содржината на различни шеќери согласно Дополнителна забелешка 2(а) кон Глава 20 9.6<br>Продуктот е пакуван во пакувања со нето тежина која не надминува 1 кг. | **2008 99 67** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 2(а) и 3 кон Глава 20 како и со наименованијата кон тарифен број 2008, 2008 99 и 2008 99 67 .<br>Производот неможе да се смета како сос или мешан сос од тарифен број 2103(коментарски забелешки кон тарифен број 2103) бидејќи не содржи значајни количини на сезонски состојки.<br>Бидејќи е припремен надвор од она што е предвидено во Глава 8, препаратот ќе се распореди во тарифен број 2008.<br>Производот се смета како производ со додаден шеќер Согласно Дополнителна забелешка 3 кон Глава 20. |

**ПРИЛОГ 30**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2127/2005 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Недовршено или несоставено ново возило на четири тркала, од 'пик ап' тип со капацитет на цилиндар од 2500 см3, и бруто тежина на возилото 2650 кг и вкупен карго капацитет од 1000 кг.<br>Возилото има еден ред седишта за двајца(вклучувајќи го и возачот) и отворен карго простор со должина од 2.28 м.<br>Сите делови се презентирани пред царинските органи на исто место и во исто време.<br>Радиаторот, прозорите, гумите, батерија, абсорбери на удар, тапацирот на седиштата и вратите не се присутни. | **8704 21 91** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и со наименованијата кон тарифен број 8704,8704 21 и 8714 21 91.<br>Возилото е распоредено во тарифен број 8704 бидејќи, како што е претставено, бидејќи има суштествен карактер на составено и завршено возило (Основно правило 2(а), првата реченица).<br>Погледнете ги исто така и Коментарските забелешки на Царинска тарифа кон Глава 87, Општо.<br>Фактот дека возилото е претставено несоставено не влијае истото да се распореди како составени или довршени производи (Основно правило 2(а), втора реченица). |

**ПРИЛОГ 31**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.227/2006 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 99.05<br>лимонска киселина .............. 0.95 | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за сиров шеќер согласно Дополнителна забелешка 1 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се расопореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90. |
| 2. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 99.5<br>лимонска киселина .............. 0.5 | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за бел шеќер согласно Дополнителна забелешка 2 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се расопореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90. |
| 3. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 99.5<br>лимонска киселина .............. 0.4<br>аскорбинска ........................... 0.1 | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за бел шеќер согласно Дополнителна забелешка 2 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се расопореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90. |
| 4. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 99.95<br>лимонска киселина .............. 0.2<br>аскорбинска киселина........... 0.1 | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот неможе да се смета за бел шеќер согласно Дополнителна забелешка 2 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се расопореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90 |
| 5. Производ составен од (% тежински) | | Распоредувањето е утврдено со Основните |
| сахароза .............................. 90<br>какао путер ........................... 10<br>Препаратот е светло жолто обоен, многу сладок, крупен прашок со вкус на путер од какао. | **2106 90 98** | правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 2106, 210690, 21069098.<br>Овој препарат е наменет за човечка исхрана и е во форма на леплив прашок (Коментарска забелешка кон тарифен број 2106, тема под (Б)). |
| 6. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 95<br>какао путер ........................... 5<br>Препаратот се состои од бели, слатки лепливи кристали со слаб вкус на какао. | **2106 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 2106, 210690, 21069098.<br>Овој препарат е наменет за човечка исхрана и е во форма на леплив прашок (Коментарска забелешка кон тарифен број 2106, тема под (Б)). |
| 7. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 97.5<br>какао путер ........................... 2.5<br>Препаратот е бел, сладок кристален прашок и е замена за комерцијален бел шеќер. | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот неможе да се смета за сиров шеќер согласно Дополнителна забелешка 1 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се расопореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90, бидејќи содржината на какао нема суштинско влијание врз карактеристиките на шекерот. |
| 8. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 97.7<br>натриум хлорид................. 2.3<br>Производот е бел, кристален прашок со сладок и слабо-соленкаст вкус.<br>Воглавном содржи кристали на сахароза, со примеси на ретко видливи коцкасти кристали на натриум хлорид. | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот е мешавина на кристална сахароза и натриум хлорид. Не може да се смета за сиров шеќер согласно Дополнителна забелешка 1 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се расопореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90. Присуството на мали количини на натриум хлорид (2.3 % тежински) не ги менува карактеристиките на производот како шекер од Глава 17 од Царинската тарифа. |
| 9. Производ составен од (% тежински)<br>бел шекер............................. 90<br>пченично брашно .............. 10 | **2106 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 2106, 210690, 21069098.<br>Овој препарат е наменет за човечка исхрана и се распоредува во тарифна ознака 2106 90 98 |
| | | 00. |
| 10. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 95<br>лактоза ................................ 5 | **1701 99 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170199, 1701 99 90.<br>Производот ќе се распореди како друг шеќер од тарифна ознака 1701 99 90 00 од Царинската номенклатура, бидејќи содржината на лактоза не влијае на карактеристиките на производот како шекер од Глава 17 од Царинската номенклатура. |
| 11. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза .............................. 97<br>екстракт од сладок корен ........ 3<br>Производот е зрнест шеќер приготвен за малопродажба. | **1701 91 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованијата кон тарифен број 1701, 170191, 1701 91 00.<br>Производот ке се распореди како ароматизиран шекер од тарифен број 1701 9100 од Царинската номенклатура( Коментарска забелешка кон Глава 17, Општи одредби, втора реченица; и забелешка кон тарифен број 1701, петти параграф).<br>Присуството на мали количини на екстракт од сладок корен не ги менува карактеристиките на производот како шекер од Глава 17 од Царинската номенклатура. |

**ПРИЛОГ 32**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.242/2006 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Прехрамбен препарат составен од какао во прав и шеќер(%по маса):<br>шеќер 99.5 до 99.7<br>какао во прав 0.2 до 0.4<br>(пресметано на потполно обезмастена основа)<br>Производот е во форма на браонкасти кристали. | **1806 10 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 2 од глава 18 и со наименованијата кон тарифен број 1806 и тарифен подброј 1806 10 и 1806 10 90 00.<br>Производот не може да се распореди во глава 17 затоа што содржината на какао во прав може да се детектира со хемиска анализа.<br>Производот е прехрамбен продукт кој содржи какао.(забелешка 2 од глава 18) |

**ПРИЛОГ 33**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.338/2006 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Готов текстилен производ изготвен од плетена ткаенина (100% памук), небелена, правоаголна, со приближни димензии 180 x 90 см, со порабени рабови по ширина и по должина.<br>(креветски чаршав)<br><br> | **6302 31 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(в) кон Оддел ЏИ , Забелешка 1 кон Глава 63 и со наименованијата кон тарифен број 6302,6302 31 00.<br>Производот е "изготвен" во смисол на Забелешката 7(в) кон Оддел ЏИ, бидејќи два раба се порабени.<br>Земајќи ги во предвид карактеристиките на материјалот, погодноста за перење, димензиите и видот на ткаенина од која е направен, овој предмет одговара на карактеристики на креветски чаршав, бидејќи го заштитува душекот од абење, кога ќе се прицврсти преку неговата ширина. Поради тоа овој предмет ќе се смета како креветски чаршав од тарифен став 6302 31 00 00.<br>Погледнете ги Коментарските забелешки кон Глава 6302, прв параграф и (1). |

**ПРИЛОГ 38**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1114/2006 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Течен производ на база на тинктура од арника(однос на арника/екстракт 1:10), наменети за малопродажба во шишиња од 50 мл волумен и со алкохолна јачина од 45% волуменски.<br><br>Согласно пакувањето, производот е наменет за човечка употреба, друга освен за производство на пијалок.<br><br>Препорачана доза: 30 до 50 капки, растворени во половина чаша вода, 2 до 3 пати дневно. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(д) кон Глава 13, како и со наименованијата кон тарифен број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br><br>Како пијалок производот неможе да се распореди во Глава 13.<br>Исто така не може да се смета како лек од тарифен број 3004, бидејќи не го задоволува критериумот на Дополнителната забелешка 1 кон Глава 30.<br>Производот треба да се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208<br>(коментарска забелешка кон тарифен број 2208, трет параграф, точка 16). |
| 2. Течен производ наменет за малопродажба во шишиња со волумен од 30 мл , со алкохолна јачина од 68 %, составен од:<br>- ливчиња од бобинки(*Плантаго ланцеолата)*, мајчина душичка (*Тхѕмус вулгарис)* цвет од кари растение(*Хелѕцхрѕсум италицум). 2.1 г*<br>- сув екстракт од прополис *84 мг*<br>- смрзнат-исушен екстракт од гринделиа(*Гринделиа робуста).* 45 *мг*<br>- еукалиптус (*еуцалѕптус глобулус)* есенцијално масло *10.5 мг*<br>- шкотски бор (*Пинус сѕлвестрис)* есенцијално масло *10.5мг*<br>- алкохол<br>- вода<br>Според пакувањето производот е за човечка употреба и се користи за подобрување на дишењето.<br>Препорачана доза: 25 капки, растворени во малку вода, 3 пати дневно. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и со наименованијата кон тарифен број 2208 и 2208 90 и 2208 90 69.<br>Производот не може да се смета како лек од тарифен број 3004 бидејќи не ги задоволува критериумите од Дополнителна забелешка 1 кон Глава 30.<br>Производот ќе се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208 (коментарски објаснувања кон тарифен број 2208, трет параграф, точка 16). |
| 3. Течен производ наменет за маклопродажба спакуван во шишиња со волумен од 30 мл, со алкохолна јачина од 70% волуменски, кој содржи:<br><br>- прополис (мин 38 мг/мл, вкупните флавоноиди се изразени како галангин) *16% тежински*<br>- алкохол<br>- вода<br><br>Согласно пакувањето производот е наменет за човечка употреба и ја подобрува природната одбрана на грлото.<br>Препорачана доза: 40 до 60 капки во лажица со шеќер или мед. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(а) кон Глава 30, како и со наименованијата кон тарифен број 2208 и 220890, 2208 90 69.<br><br>Производот не може да се смета како лек од Глава 30. |
| 4. Течен производ наменет за малопродажба, спакуван во шишиња од волумен од 30 мл, со алкохолна јачина од 70% волуменски, кој содржи:<br>- водено-алкохолен екстракт од прополис (стандардизиран со природен сув екстракт од прополис) *0.6 г*<br><br>- алкохол<br>- вода<br>Согласно амбалажата, производот е наменет за човечка употреба со препорачана доза од 25 капки еднаш или два пати дневно, растворени во половина чаша вода. Исто така по потреба може да се употребува и за плакнење на устата, со растварање на 25 капки во вода. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа,Забелешка 3 кон Глава 33, како и со наименованијата кон тарифен број 2208 и 2208 90 и 2208 90 69.<br><br>Производот не може да се смета како течност за плакнење на уста од тарифен број 3306 бидејќи не е направен во форма специјално за таа употреба (коментарски забелешки Општи одредби, четврт параграф (б) кон Глава 33).<br><br>Производот треба да се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208(коментарски забелешки кон тарифен број 2208, трет параграф, точка 16). |
| 5. Течен производ на база на глицерин мацерат од црна рибизла *(Рибес нигрум)* (однос лек/екстракт 1:20), наменет за малопродажба, пакуван во шишиња од 100 мл волумен, со алкохолна јачина од 38%.<br><br>Согласно амбалажата производот е наменет за човечка употреба, друга освен производство на пијалок.<br><br>Препорачана дневна доза: 50 до 150 капки, растворени во малку вода, дневно. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа,Забелешка 1 (д) кон Глава 13, како и со наименованијата кон тарифен број 2208 и 2208 90, 2208 90 69.<br>Производот не може да се распореди во Глава 13 бидејќи е пијалок.<br>Производот треба да се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208 (коментарски објаснувања кон тарифен број 2208, терет параграф, точка 16. |
| 6. Производ наменет за малопродажба спакуван во шишиња со волумен од 30 мл, со алкохолна јачина од 20 волуменски %, кој содржи:<br>- водено-алкохолен екстракт на прополис *86.75%*<br>- мед *13 %*<br>- природна арома(лимон) *0.1%*<br>- ксантам гума *0.1%*<br>- лимоново (*Цитрус лимонум)* есенцијално масло *0.005%* | 3306 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел ВИ , забелешка 3 кон Глава 33, како и со наименованијата кон тарифен број 3306 и 3306 90 00.<br><br>Производот е приготвен во форма со специјална намена за хигиена на устата<br>( коментарски објаснувања кон Глава 33, Општо, четврт параграф, точка (б)). |

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**960.**

Врз основа на член 417 алинеја 12 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Републиka Македонија“ бр. 54/07), министерот за внатрешни работи донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОКАНАТА ЗА НАПЛАТА НА ГЛОБА ВО МАНДАТНА ПОСТАПКА И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПЛАТНИОТ НАЛОГ ЗА НАПЛАТА НА ГЛОБА СО ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на поканата за наплата на глоба во мандатна постапка и формата и содржината на образецот на платниот налог за наплата на глоба со платен налог.

Член 2

Образецот на поканата за наплата на глоба е со димензии на А5 формат и содржи два идентични примероци изработени од тенка индиго хартија во бела боја на која податоците се испишани со црни букви (Образец број 1).

Член 3

Образецот на поканата за наплата на глоба ги содржи следните елементи:

1. Штембил на Министерството за внатрешни работи;
2. Рубриките „ПС“ и „ПО“;
3. Правниот основ за издавање на поканата за наплата на глоба за сторениот прекршок;
4. Место предвидено за серискиот број на поканата;
5. Рубриката „1.Податоци за сторениот прекршок“ која содржи:
- „Ден“;
- „Час“;
- „Место на сторување“;
- „Опис на прекршокот“;
- „Член од ЗБСП со кој е предвиден прекршокот“;
- „Глоба предвидена за прекршокот“;
6. Рубриката „2. Податоци за сторителот на прекршокот“ која содржи:
- „Име и презиме“;
- „ЕМБГ“;
- „л.к. бр.“;
- „СВР“;
- „Адреса на живеење (улица, број, место, општина)“;
7. Напомена за обврската за плаќање на глобата за сторениот прекршок;
8. Правна поука;
9. Место за печат и
10. Потписи на сторителот на прекршокот и полицискиот службеник.

Член 4

Образецот на платниот налог за наплата на глоба е со димензии на А5 формат и содржи два идентични примероци изработени од тенка индиго хартија во бела боја на која податоците се испишани со светло сини букви (Образец број 2).

Член 5

Образецот на платниот налог за наплата на глоба ги содржи следните елементи:

1. Штембил на Министерството за внатрешни работи;
2. Рубриките „ПС“ и „ПО“;
3. Правниот основ за издавање на платниот налог за наплата на глоба за сторениот прекршок;
4. Место предвидено за серискиот број на платниот налог;
5. Рубриката „1.Податоци за сторениот прекршок“ која содржи:
- „Ден“;
- „Час“;
- „Место на сторување“;
- „Опис на прекршокот“;
- „Член од ЗБСП со кој е предвиден прекршокот“;
- „Глоба предвидена за прекршокот“;
6. Рубриката „2. Податоци за сторителот на прекршокот“ која содржи:
- „Име и презиме / назив на правното лице“;
- „ЕМБГ / даночен број на правното лице“;
- „Адреса на живеење / седиште на правното лице“;
- „Податоци за вработување на сторителот“;
- „Број на патната исправа“ и „Државјанин на“ со забелешка дека се пополнува само за странци.
7. Напомена за обврската за плаќање на глобата за сторениот прекршок;
8. Правна поука;
9. Место за печат и
10. Потписи на сторителот на прекршокот и полицискиот службеник.

Член 6

Обрасците број 1 и 2 се составен дел на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.13.1-37336/1
6 јуни 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Образец бр.1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

ПС____________________ ПО____________________

Врз основа на член 48 од Законот за прекршоците и член 369 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се издава

**ПОКАНА**
**за наплата на глоба**

1. Податоци за сторениот прекршок

| | |
|---|---|
| ДЕН: | ЧАС: |
| Место на сторување: | |
| Опис на прекршокот: | |
| Член од ЗБСП со кој е предвиден прекршокот: | |
| Глоба предвидена за прекршокот: | ЕУР во денарска противвредност |

2. Податоци за сторителот на прекршокот:

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | | |
| ЕМБГ: | л.к. бр. | СВР: |
| Адреса на живеење(улица, број, место, општина): | | |

Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата на сметка на Министерството за внатрешни работи бр.060010012463112.
ПРАВНА ПОУКА: Ако сторителот на прекршокот не ја плати доброволно предвидената глоба во определениот рок, Министерството за внатрешни работи ќе го повика да ја донесе возачката книшка заради регистрирање негативни бодови.
Сторителот на прекршокот е должен да ја донесе возачката книшка во рок од 30 дена од истекот на определениот рок на адресата запишана на возачката книшка.
Ако сторителот на прекршокот не ја донесе возачката книшка во рок од 30 дена од истекот на определениот рок полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.
За прекршоци чии сторител не е возач во сообраќајот, односно за кои не е предвидено регистрирање на негативни бодови, кога сторителот нема да ја плати предвидената глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Сторител на прекршокот Полициски службеник

________________________ М.П. ________________________